Врз основа на член 101 став 4 точка 17 а во врска со член 119 и 121 од Статутот на "Жито Полог" АД – Тетово, Пречистен текст, и член 457,459, 460 и 460-а од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на Друштвото на седницата одржана на ден 02.07.2024 година со вкупно 25109 гласови „ЗА„ што претставува 100% гласови на сите акционери кои се присатни на собранието а немаат интерес од зделката , без 14389 гласови кои произлегуваат од обичните акции кои ги поседува акционерот ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје кој има својство на заинтересирана страна, ја донесе следната

Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД
Бр. 02-154/6
02 07 2024 год.
Тетово

# ОДЛУКА
## За одобрување на зделка со заинтересирана страна

**Член 1**

**СЕ ОДОБРУВА** склучување и реализација на зделка со заинтересирана страна која се состои во склучување на Договор за одобрување на краткорочен кредит помеѓу Жито Полог АД Тетово како корисник-должник и Комерцијална Банка АД Скопје како доверител, на износ од МКД 30.000.000, со рок на отплата до 27.12.2024 година, заведен кај доверителот под архивски број 02-110-506/2 од 29.05.2024 година, а како обезбедување на побарувањето на банката по погоре цитираниот Договор се 2 (две) бланко сопствени акцептирани меници без протест со извршна клаузула, акептирани и трасирани од Жито Полог АД Тетово, како и Договор за пристапување кон долг склучен помеѓу Комерцијална Банка АД Скопје и Орка Холдинг АД Скопје како пристапувач кон долг, заведен кај банката под архивски број 08-410-32495/1 од 29.05.2024 година со кој Договор Орка Холдинг АД Скопје пристапува како солидарен должник - гарант кон долгот на Жито Полог АД Тетово по Договор за одобрување на краткорочен кредит број 02-110-506/2 од 29.05.2024 година.

**Член 2**

Се дава согласност Друштвото за производство на мелнички,пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД -Тетово да се задолжи врз основа на **Договор за одобрување на краткорочен кредит на износ од МКД 30.000.000,00** со рок на отплата до 27.12.2024 година, **архивски заведен кај доверителот под бр. 02-110-506/2 од 29.05.2024 година,** склучен помеѓу Комерцијална Банка АД Скопје како доверител и Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД -Тетово како корисник-должник.

Се дава согласност заради обезбедување на Договорот цитиран во член 1 и член 2 став 1 од оваа Одлука Друштвото за производство на мелнички,пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД –Тетово, врз основа на оваа Одлука, без дополнителни согласности и одлуки да издаде:

- 2 (две) бланко сопствени акцептирани меници со менична изјава-согласност Банката да ги пополни и употреби за наплата на своите побарувања без протест, утврдени со Нотарски акт и клаузула за извршност-акцептирани и трасирани од Друштвото за производство на мелнички,пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД -Тетово.

Се дава согласност да како обезбедување на Договорот цитиран во член 1 и член 2 став 1 од оваа Одлука служи Договор за пристапување кон долг склучен помеѓу Комерцијална Банка АД Скопје и Орка Холдинг АД Скопје како пристапувач кон долг, заведен кај банката под архивски број 08-410-32495/1 од 29.05.2024 година, со кој Договор Орка Холдинг АД Скопје пристапува како солидарен должник кон долгот на Жито Полог АД по Договор за одобрување на краткорочен кредит број 02-110-506/2 од 29.05.2024 година.

Се дава согласност Друштвото со Комерцијална банка АД Скопје врз основа на оваа Одлука, без дополнителни согласности и Одлуки, да склучува Анекси кон **Договор за одобрување на краткорочен кредит** цитиран во член 1 и член 2 став 1 од оваа Одлука со кои само ќе се менува рокот на отплата на кредитот.

Се дава согласност Друштвото врз основа на оваа Одлука, без дополнителни согласности и Одлуки, да издава по 2 (две) бланко сопствени акцептирани меници со менична изјава-согласност Банката да ги пополни и употреби за наплата на своите побарувања без протест, утврдени со Нотарски акт и клаузула за извршност-акцептирани и трасирани од Друштвото за производство на мелнички,пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД -Тетово, заради обезбедување на побарувањата на Банката кои произлегуваат од **Договор за одобрување на краткорочен кредит** и сите Анекси кон истиот склучени согласно член 2 став 4 од оваа Одлука.

**Член 3**

**ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА ВО ЗДЕЛКАТА од член 1 на оваа одлука се:**

**-Орка Холдинг АД Скопје со ЕМБС 5989876 и ЕДБ МК 4030005550719, Ул.Скупи бр. 3А Скопје**, бидејќи е солидарен должник- гарант по основ склучен Договор за пристапување кон долг со Комерцијална Банка АД Скопје заведен кај банката под архивски број 08-410-32495/1 од 29.05.2024 година со кој Договор Орка Холдинг АД Скопје пристапува како солидарен должник кон долгот на Жито Полог АД по Договор за одобрување на краткорочен кредит број 02-110-506/2 од 29.05.2024 година, а воедно Орка Холдинг АД Скопје е и акционер во Жито Полог АД Тетово каде поседува 25,70 % од акциите со право на глас на друштвото.

**Член 4**

**СТРАНИ И КОРИСНИЦИ ВО ЗДЕЛКАТА :**

- Жито Полог АД Тетово со седиште на ул.Маршал Тито бр.134 – Тетово и со ЕМБС 4037634 и ЕДБ МК 4028987116516 во својство на корисник- должник

- Орка Холдинг АД Скопје , со седиште на ул.Скупи бр. 3А Скопје – Карпош, со ЕДБ 4030005550719, со ЕМБС 5989876, како солидарен должник- гарант .

**Член 5**

**ПРЕДМЕТ НА ЗДЕЛКАТА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА** е склучување на Договор за краткорочен кредит помеѓу Жито Полог Ад како корисник- должник и Комерцијална Банка АД како доверител, со обезбедување на побарувањето на банката по Договорот со 2(две) бланко сопствени акцептирани меници без протест со извршна клаузула, акептирани и трасирани од Жито Полог АД Тетово, како и Договор за пристапување кон долг склучен помеѓу Комерцијална Банка АД Скопје и Орка Холдинг АД Скопје како пристапувач кон долг, заведен кај банката под архивски број 08-410-32495/1 од 29.05.2024 година со кој Договор Орка Холдинг АД Скопје пристапува како солидарен должник – гарант кон долгот на Жито Полог АД по Договор за одобрување на краткорочен кредит број 02-110-506/2 од 29.05.2024 година.

**Член 6**

Собранието на акционери на Жито Полог Ад – Тетово **потврдува и одобрува** дека вредноста на зделката цитирани во член 1 на оваа одлука изнесува изнесува 30.000.000 денари, што претставува 5,56% од книговодствената вредност на имотот на Жито Полог АД- Тетово определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото од 2023 и не надминува 20% од книговодствената вредност на имотот на Жито Полог АД Тетово според последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото и според одредбите на Законот за трговски друштва и Статутот

на Друштвото не претставува голема зделка туку само зделка со заинтересирана страна на која се применуваат правилата за одобрување на зделка со заинтересирана страна .

**Член 7**

Собранието на акционери на Жито Полог Ад – Тетово **потврдува и одобрува** дека вредноста на зделката цитирани во член 1 на оваа одлука изнесува изнесува 30.000.000 денари , што претставува 5,56% од книговодствената вредност на имотот на Жито Полог АД- Тетово определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото од 2023, а кумулативаната вредност на меѓусебно поврзаните зделки со заинтересирана страна во последните 12 месеци од одобрувањето на зделката изнесува 11,57% од книговодствената вредност на имотот на Жито Полог АД- Тетово определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото од 2023 и според одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото, претставува зделка со заинтересирана страна чија кумулативната вредност со меѓусебно поврзаните зделки надминува 10% и за одобрување на истата потребно мислење од овластен ревизор кој ги исполнува условите пропишани со Законот за ревизија и Законот за трговски друштва.

**Член 8**

Зделката со заинтересирана страна цитирана во член 1 од оваа одлука Собранието на акционери на Жито Полог АД – Тетово ја одобри согласно член 460-а од Законот за трговски друштва, односно врз основа на добиено мислење од овластен ревизор ТП Ревизија Чулева, кој ги исполнува условите пропишани со Законот за ревизија и Законот за хартии од вредност.

**Член 9**

Зделката со заинтересирана страна од член 1 од оваа одлука Собранието на акционери на Жито Полог АД – Тетово ја одобри согласно член 460 став 3 од Законот за трговски друштва со вкупно 25109 гласови ЗА што претставува 100% гласови на сите акционери кои се присатни на собранието а немаат интерес од зделката, без 14389 гласови кои произлегуваат од обичните акции кои ги поседува Орка Холдинг АД Скопје која има својство на заинтересирана страна.

.

**Член 10**

**СЕ ОВЛАСТУВА** Одборот на директори на Жито Полог АД Тетово врз основа на оваа одлука да донесуваа соодветни одлуки за спроведување и реализација на оваа одлука, согласно одредбите од оваа одлука.

**СЕ ОВЛАСТУВА** Извршниот член на Одборот на директори-Генерален извршен директор со неограничени овластувања на Друштво за производство на мелнички,пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД -Тетово во име и за сметка на Друштвото да го склучи и потпише **Договорот за одобрување на краткорочен кредит на износ од МКД 30.000.000,00, архивски заведен кај доверителот, Комерцијална Банка АД Скопје под бр. 02-110-506/2 од 29.05.2024 година** со рок на отплата до 27.12.2024 година, анексите кон цитираниот Договор со кои ќе се менува само рокот на отплата на кредитот, склучени согласно точка 3 од оваа Одлука, **меничните бланкети и Нотарски акт за меници со својство на извршност** акцептирани и трасирани од Друштвото корисник на кредитот врз основа на кој гарантира со целокупниот недвижен и подвижен имот и со сите средства на сметките кај Банките, согласно член 2 став 2 и 5 од оваа Одлука, како и сета останата документација потребна за предметната работа пред надлежен нотар и пред Банката.

**Член 11**

Со донесување на оваа одлука Друштвото потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа одлука согласно одредбите од Законот за трговските друштва и важечкиот Статут на Друштвото.

**Член 12**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

По еден примерок од Одлуката да се достави до: правен сектор, сектор за финансии,, архива.

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Славица Мишеска Стојановска**

ЖИТО ПОЛОГ АД
ТЕТОВО